Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА–ТИКВЕШ АД-Кавадарци по Барање за дополнување на дневниот ред за работа на Собранието на акционери на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци свикано за ден 29.12.2025 година, со почеток во 12,00 часот во деловните простории на Друштвото во Скопје на ул.Димче Беловски бр.2 Гази Баба-Скопје, во смисла на член 390 став 9 од ЗТД и член 36 од Статутот на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци објавува:

**ЈАВНА ОБЈАВА**

**За дополнување на Дневниот ред за работа на Собранието на акционери на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци свикано за ден 29.12.2025 година**

Со Барањето за дополнување на дневниот ред за работа на Собранието на акционери на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци свикано за ден 29.12.2025 година во 12,00 часот, акционерот М-6 ЕДЕН ДОО Скопје заведено под број 0302-2285/1 од 04.12.2025 година, акционер сопственик на над 5% од акциите со право на глас предлага дополнување на Дневниот ред за работа на Собранието на акционери за 29.12.2025 година со нова точка која гласи:

**-Донесување на Одлука за усвојување на Извештајот од извршената проверка на независниот ревизор МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Периодични финансиски извештаи заклучно со 10-ти месец во 2025 година на ВВ –ТИКВЕШ АД-Кавадарци**

По барањето за дополнување на дневниот ред заведено под број 0302-2285/1 од 04.12.2025 година поднесено од акционерот М-6 ЕДЕН ДОО Скопје одлука донесува Собранието на акционерите при усвојувањето на дневниот ред за работа на Собранието.

Заинтересираните лица и акционери можат да извршат увид во Предлог-Одлука доставена заедно со Барањето, во архивата на Друштвото секој работен ден од 12,00 - 14,00 часот или на официјалната интернет страница на Друштвото: www.tikves.com.mk.

**ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци**

Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД Кавадарци
Примено 04.12.2025
Орг единица | | Вредност
03 | 22851 |

Друштво за инжинеринг и услуги
М-6 ЕДЕН ДОО
Бр. 0309-44
04.12 2025 год.
СКОПЈЕ

До

**Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци** со седиште на ул.8-ми Септември бр.5, Кавадарци, Република Северна Македонија, со ЕМБС 5275890

До

Управен Одбор на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци

**Врска**: Собрание на Акционери закажано за ден 29.12.2025 година

**Предмет**: Барање за вклучување на точка во дневниот ред за седницата на Собранието на Акционери закажано за 29.12.2025 година

Согласно членот 390 од Законот за трговски друштва и член 36 од Статутот на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци, акционерот М-6 ЕДЕН ДОО Скопје кој поседува над 5% акции во ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци, во законски предвидениот рок, предлага вклучување на нова точка на дневниот ред на седницата на Собранието на акционери закажана на 29.12.2025 година објавен во Дневен весник Нова Македонија на ден 27.11.2025 година, која гласи:

1. **Донесување на Одлука за усвојување на Извештајот од извршената проверка на независниот ревизор Мур Стивенс ДОО Скопје со содржани Периодични финансиски извештаи заклучно со 10-ти месец во 2025 година на ВВ –ТИКВЕШ АД-Кавадарци**

Истовремено, покрај предлогот погоренаведената точка да се стави во дневен ред, предлагаме предложената точка да се разгледува на Собранието на акционери како **точка 3** имајќи го во предвид објавениот дневен ред во јавниот повик, односно да се разгледува **пред точката** Донесување на Одлука за употреба и распоредување на акумулираната добивка од 2017 година и од 2018 година на ВВ –ТИКВЕШ АД-Кавадарци.

Прилог: Предлог Одлука, тековна состојба, Акционерска книга на ВВ –ТИКВЕШ АД-Кавадарци

Акционер,
М-6 ЕДЕН ДОО СКОПЈЕ

Друштво за инжинеринг и услуги М-6 ЕДЕН ДОО Скопје

Управител,
Светозар Јаневски

- **Предлог–Одлука за усвојување на Извештајот од извршената проверка на независниот ревизор Мур Стивенс ДОО Скопје со содржани Периодични финансиски извештаи заклучно со 10-ти месец во 2025 година на ВВ–ТИКВЕШ АД-Кавадарци**

Врз основа на член 31 од Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци, Собранието на акционери на друштвото на ден 29.12.2025 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Извештајот од извршената проверка на независниот ревизор Мур Стивенс ДОО Скопје со содржани Периодични финансиски извештаи заклучно со 10-ти месец во 2025 година на ВВ –ТИКВЕШ АД-Кавадарци**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Извештајот од извршената проверка на независниот ревизор Мур Стивенс ДОО Скопје со содржани Периодични финансиски извештаи заклучно со 10-ти месец во 2025 година на ВВ –ТИКВЕШ АД-Кавадарци.

2. Составен дел на Одлуката е Извештајот од извршената проверка на независниот ревизор Мур Стивенс ДОО Скопје со содржани Периодични финансиски извештаи заклучно со 10-ти месец во 2025 година на ВВ –ТИКВЕШ АД-Кавадарци.

3. Одлуката стапува во сила веднаш со донесувањето.

Претседавач на Собрание